ТЕАТАРСКА МЕДИТАЦИЈА

„Еднаш свет изградив“ според романот „Сидарта“ од Херман Хесе; текст и режија, Јане Спасиќ; продукција, ТДМ; премиера, 2018 г.)

Ретко се случува и во светот, но и кај нас една театарска претстава да се прави според драмска предлошка со филозофска провениенција. Токму за ваков модел на претстава се одлучува режисерот Јане Спасиќ, кој главно досега реализирал неколку проекти кои ги карактеризира нивната политичка субеврзивност, а последниот секако е претставата „Експеримент“ реализиран со независната театарска трупа Артопија од Скопје. Земајќи го за основа романот „Сидарта“ од Херман Хесе, режисерот Спасиќ создава една театарска медитација на сложените прашања за смислата на животот, за идентитетот, за потргата по трајното е неминливото, барањето на вистината, на апсолутот...Сигурно дека ваквите прашања се особено интересни и важни токму за младите кои многу често се губат во вителот на секојдневните случувања, чувствувајќи се незадоволни, а често и фрустрирани. Како и да е, станува збор, за сложена драмска предлошка која потоа се преточува во сценски чин. Оваа сложеност ја илустрира на пример и фактот што главниот лик Сидарта го толкуваат дури три актери, кога тој е дете, па момче и најпосле старец. Ова мултиплицирање на ликот само настојува да ги опфати мените во мислењето и однесувањето на човекот кој трага по вистина градејќи светови...Во себе и вон себе! Ова патување на Сидарта е исполнето со бројни искушенија и тој минува низ различни фази на себеспознанието и односите со неговата околина вклучително и искуствата со неговата жена и син. Тука, се разбира, соодветна ролја во неговиот живот ќе одиграат и неговиот другар Говинда и куртизаната Камала, потоа неговиот однос со Буда и неговото учење.
Сценографот Мери Батакоја ја исполнува сцената со кутии во различна големина кои кријат непознати содржини, па затоа делуваат мистично, тајновито. Во позадината се наоѓаат два метални паравана кои служат за разигрување на дејството и овозможување на колку-толку некаков мизансцен во оваа инаку статична, медитативна, рефлексивна содржина. Костимите на Бранкица Јордановска се строго функционални и соодветни на ликовите и нивната возраст, а посебно место има и музичкиот фон на композиторот Дарија Андоновска, но и аудио - ефектите особено присутни при отворањето на таинствените кутии.

Во вака осмислениот простор, но и атмосфера се одвива играта на актерите. Режиски претставата има репититивност, па назименично се менуваат сцените во кои Сидарта е на различна возраст. Тоа е всушност и единствен колорит во режискиот ракопис на Спасиќ, а се друго е во доменот на актерската игра. Тука веднаш да нагласиме дека со својот специфичен тоналитет и боја на глас фонот на претставата како да го прави веќе остарениот Сидарта кој го толкува Драган Довлев. Во неговата креација Сидарта е веќе излапен старец, но кога тоа само што ќе го помислите тој ја покажува својата остроумност и свесност за состојбата во која се наоѓа. И кај Довлев, но и кај останатите актери (Ненад Митевски, Наташа петровиќ, Симона Спировска, Бојан Кирковски и Михаел Стојановски) преовладува смиреноста и сталоженоста како во говорот, така и во сценските движења кои се одмерени и воздржани. Впрочем, како и што прилега на еден ваков тип на театарска претстава со многу авторефлексивност и медитација. Можеби, најголемата вредност на режијата и на претставата воопшто е фактот што душевниот немир и бурите од чувства и страсти што му се случуваат на главниот лик добиваат високо естетизиран облик во веќе посочената смиреност и воздржаност. Како и да е, „Еднаш свет изградив“ е претстава со неспорна херметична структура, но која и покрај тоа интригира, го привлекува и го држи вниманието на гледачите. Во оваа констелација тоа е театарски чин кој кореспондира и ги поканува гледачите во авантурата на себепреиспитувањето и самоспознанието како еминетно филозофски теми и содржини.

„Еднаш свет изградив“ на режисерот Јане Спасиќ и на ансамблот на Театарот за деца и младинци е редок и убав пример на рефлексивен театарски чин кој се разлева во гледалиштето и поставува прашања. Со својата спокојност во темпото и ритамот овој чин предизвикува вознемиреност за вечните и универзални прашања за смислата на животот и потрагата по вистината...

Тодор Кузманов